# ОПШТИ УСЛОВИ И ПРАВИЛА ЗА КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА НАЈДОБАР УМЕТНИЧКИ ВИДЕО ЗАПИС НА ТЕМА

# „НАПРАВИ МАГИЈА“

1. Организатор

Овие правила го утврдуваат начинот на организирање на уметничкиот конкурс „Направи магија’’ (во понатамошниот текст: конкурс), организиран од Меџик МГ ДООЕЛ, бул. Гоце Делчев 11, Мавровка, ламела А, кат 3, 1000 Скопје, (натаму: организатор), реализирана со логистичка поддршка на маркетинг агенцијата Меккен Скопје, бул. 8 Септември бр. 16, 2 кат, 1000 Скопје (натаму: изведувач)

2. Времетраење и цел на конкурсот

Целта на конкурсот е промоција на производите на брендот Меџик како дел од маркетинг кампањата спроведена на подрачјето на Република Северна Македонија. Конкурсот се спроведува преку Фејсбук, Инстаграм и Тик Ток профилите (натаму: Фејсбук, Инстаграм и Тик Ток профили на Меџик).

Наградниот конкурс ќе почне од 20.05.2024 година од 00: 01 часот и ќе трае до 30.06.2024 година до 23: 59 часот.

3. Согласност за учество во конкурсот, насоки и прифаќање на општите услови и правила

Со учество во конкурсот т.е., односно, со објавување на видео материјал на своите Фејсбук, Инстаграм или Тик Ток профили, со додавање на таг на @themagicsnack профилот на Меџик на Инстаграм или Тик Ток или @Magic MG на Фејсбук и додавање хаштаг #MakeMagic и со испраќање на линкот од објавата, заедно со име и презиме, град и контакт телефон преку мејл порака до мејл адресата konkurs@magic.com.mk, ќе се смета дека учесникот се пријавил за учество и целосно ги прифаќа сите наведени општи услови и правила на конкурсот. Пред да учествува, секој учесник има обврска да се запознае со нивната содржина на линкот објавен на Фејсбук и Инстаграм профилите на Меџик и кој ќе биде јавно достапен за целото времетраење на конкурсот на https://magic.com.mk/nagraden-konkurs

4. Учество во конкурсот

Во конкурсот може да учествуваат сите полнолетни физички лица со постојан престој во Република Северна Македонија како и лица со возраст над 15 години. Малолетните лица имаат право на учество само со согласност од родителот или старателот. Малолетните лица имаат обврска да ја обезбедат и достават Согласноста во писмена форма (скениран документ со потпис од родителот или старател) уште при пријавувањето преку испраќање на мејл до наведена мејл адреса: konkurs@magic.com.mk.

За учество на конкурсот учесниците мора да имаат свој профил на Фејсбук, Инстаграм и Тик Ток, кој е јавно отворен и дозволува повторно објавување на Инстаграм.

За потребите на конкурсот и исполнување на целта организирана во согласност со правилата и условите за учество, учесникот ќе му ги обезбеди на изведувачот следните податоци: име и презиме, град и телефонски број, а учесникот чие решение ќе биде избрано за најдобро ќе треба да потпише Договор за авторско дело со организаторот на конкурсот.

Едно лице може да учествува во конкурсот повеќепати т.е. со неколку видеа, но може да добие само една награда. Купувањето производи не е услов за учество во конкурсот.

Конкурсот ќе се одржи на таков начин што организаторот, преку објави и реклами, преку своите Фејсбук, Инстаграм и Тик Ток – профили како и други медиуми ќе ги покани корисниците на овие социјални мрежи да подготват и објават видео материјал на својот Фејсбук, Инстаграм и/или Тик Ток профил во кое е прикажан минимум еден Меџик производ во ново пакување од следната група производи:

- Меџик Бејзик – било кој производ од наведените: „Almonds“, „Pistachios“, „Cashews“ „Mix nuts“, „Hazelnuts“ или „Peanuts“.

- Меџик Актив – било кој производ од наведените: „Active Omega“, „Active Protein“, „Active Balance“, „Active Energy“ или „Active Power“

- Меџик Чоко – било кој производ од наведените: „Choco Fig“, „Choco Forest Treasure“, „Choco Coconut Delight“, „Choco Rapsody“, „Choco Euphoria“. „Choco Exotic“, „Choco Wild Pleasure“ или „Choco Salted Caramel Almond“.

- Меџик Путер од кикиритки – било кој производ од наведените: “Peanut Butter” или “Choco Nuts Butter”

На конкурсот право на учество ќе имаат сите кои ќе подготват и објават видео материјал на својот Фејсбук, Инстаграм и/или Тик Ток профил во кој е прикажан минимум еден Меџик производ во ново пакување од горенаведената група производи заклучно до 30.06.2024 година до 23:59 часот.

Со објавувањето на видео материјалот на своите профили на Фејсбук, Инстаграм и/или Тик Ток и испраќањето мејл со линк од објавата и податоците а со тоа и учество на конкурсот, поединечниот учесник потврдува дека видеото е негово авторско дело и дека му ги пренесува на организаторот сите материјални авторски права (право на умножување на делото; право на пуштање во промет на делото; право на јавно соопштување на делото и право на преработување на делото) без временско и територијално ограничување. Така, му овозможува на организаторот на конкурсот да го користи видеото, за јавно објавување за било какви маркетинг цели на организаторот на било која дигитална или аналогна платформа и во било кој облик, како и право за едитирање на видео материјалот во смисла на неговата содржина и формат. Во случај во видеото на учесникот да се снимени и други лица, со учеството на конкурсот учесникот има обврска претходно да добие согласност од тие лица или законскиот застапник во случај на малолетно лице, за да може да го предаде и користи видеото во конкурсот и за целите на промотивната маркетинг кампања на брендот Меџик.

Учесникот во конкурсот не смее и нема право да поставува или да објавува било каков материјал што подлежи на авторско право, право на трговска марка или пак на други права од

интелектуална сопственост, без претходно изречно одобрение од носителот на тие права. Учесникот е во потполност одговорен за штетата која може да настане со повредата на авторските права, правото на трговска марка или пак на други права од интелектуална сопственост, како и за било какви проблеми настанати како последица на објавување на таков материјал.

6. Содржина и спецификација на видеото

Содржина: целта на изработката на видеата во конкурсот е промоција на новото пакување на производите на брендот Меџик и тоа на линиите: Меџик Бејзик, Меџик Актив, Меџик Чоко и Меџик Путери. Видеата мора да содржат минимум еден производ од наведените линии производи во точка 5 од овие општи одредби и правила.

Техничка спецификација: видеата може да бидат во вид на снимен видео материјал, комбинација на снимен и анимиран материјал или само анимација.

8. Победник на конкурсот за најдобар уметнички видео запис

Победникот на конкурсот за најдобар уметнички видео запис организаторот ќе го награди во парична вредност од: 500.000,00 денари за видео запис кое ќе го одбере трочлена комисија, по потпишување на Договор за изработка на авторско дело. Персоналниот данок е на товар на организаторот.

7. Избор на најдобар уметнички видео запис

Изборот на најдобар уметнички видео запис ќе го изврши трочлена комисија која се состои од 2 лица од организаторот и 1 лице од изведувачот. Изборот ќе се направи исклучиво од оние објави на Фејсбук, Инстаграм и Тик Ток кои строго ги следеле упатствата на конкурсот наведени во точка 5 и 6 од овие правила и оние Фејсбук, Инстаграм и Тик Ток профили кои дозволуваат ре-објавување на објавата на Фејсбук, Инстаграм и Тик Ток и се јавно достапни. Од сите објави на Фејсбук, Инстаграм и Тик Ток, само едно најинтересно ќе биде избрано во наградниот конкурс со дискреционо право на трочлената комисија.

Изборот од конкурсот ќе се одвива на 08.07.2024. Резултатите ќе бидат јавно објавени на Инстаграм профилот на Меџик најдоцна во рок од 5 дена од изборот.

Добитникот ќе биде известен дека е избран така што ќе биде контактирани преку податоците доставени во мејлот испратен до мејл адресата konkurs@magic.com.mk при пријавувањето за учество.

Добитникот треба да донесе документи во просториите на организаторот од 10ч. до 16ч. во период од 15.07-19.07.2024 со кои ќе го потврди својот идентитет и да достави податоци за жиро-сметка. Со добитникот ќе биде потпишан Договор за авторско дело, во кои јасно ќе бидат дефинирани правата на користење на избраното уметничко видео. Изборот е завршен кога овој авторски договор ќе биде потпишани како од авторот така и организаторот. Изборот потоа е конечен, како и одлуката на комисијата и на нив не може да се приговара.

9. Преземање на наградата

Услов за добивање на наградата е учесниците да ги исполнуваат условите дефинирани во правилата и условите за учество во конкурсот, да му ги обезбедат при пријавување на изведувачот со испраќање на мејл до наведена мејл адреса потребните информации и да достават доказ за потврда на идентитет.

Паричните средства ќе бидат исплатени на жиро-сметка на добитникот во рок од 30 работни дена од потврдата на идентитетот и потпишувањето на Договор за авторско дело.

Организаторот го задржува правото да не ја додели паричната вредност ако:

- не е пријавен видео запис кој може да се прогласи за најдобар видео запис
- добитникот не ги исполнува условите за преземање на наградата,
- се појави сомнение за веродостојноста на податоците,
- се утврди дека учесникот во наградниот конкурс учествувал спротивно на правилата на наградниот конкурс,
- добитникот не дојде во рок од 7 дена на наведеното место и време наведени во точка 7 со потребните докази за потврда на идентитетот и потпише Договор за авторско дело,

Во случај добитникот да ја откаже наградата, да не ја прифати, да нема право на истата или да не го потпише Договорот за авторско дело или не исполнува други услови на наградниот конкурс, наградата се доделува на следниот по ред согласно изборот на жирито.

Учесниците што учествуваат на конкурсот не можат да бараат награда во поголема количина или други награди од оние што се наведени во овие општи услови и правила од страна на Организаторот.

Евентуалните трошоци за учество или преземање на наградата, ги сносат самите учесници на конкурсот.

Од моментот на преземање на наградата завршуваат сите обврски за Организаторот и Изведувачот.

Наградата нема да биде доделена на победникот доколку тој/таа не достави валиден документ за лична идентификација (лична карта или пасош) при преземање на наградата.

Доколку некој од победниците е малолетно лице, наградата може да ја подигне во присуство на родител/старател, со приложување на валиден документ за лична идентификација на родителот/старателот.

10. Дисквалификакција од конкурсот

Користењето на било каков вид на компјутерски код, вирус или било што друго што може да му смета, оневозможи, нанесе штета или злоупотреби учеството во конкурсот е забрането. Таквите постапки можат да доведат до исклучување на учесникот од понатамошно учествување и/или забрана за учество на оној кој ќе ги прекрши правилата за учество. Организаторот го задржува правото да ги дисквалификува од конкурсот и го занемари учеството без дополнително објаснување. Видеа, фотографии и коментари од навредлив карактер ќе бидат избришани и немаат право на учество. Коментари со навредлив карактер се сметаат оние кои се неприкладни

врз родна, сексуална, политичка, национална, општествена, економска, старосна и здравствена основа. Видеа со навредлива, несоодветна и негативна содржина кон брендот Меџик ќе бидат автоматски дисквалификувани и нема да бидат споделувани.

11. Ограничување на одговорноста

Учеството во конкурсот е исклучиво на лична одговорност на секој Учесник. Организаторот/Изведувачот во никој случај не гарантира за последиците кои можат да настанат со учество во конкурсот, како ни за сигурноста, точноста или пак содржината на било која информација или услуга дадена на конкурсот. Организаторот/Изведувачот на конкурсот не подлежи на одговорност за било каква штета или повреда настаната при грешка, прекин, дефект, доцнење на преносот, компјутерски вирус, прекин на комуникациската линија, неовластен пристап, кражба, злоупотреба на записите и податоци од трети лица или било какво несоодветно однесување или друг технички проблем. Учесникот недвосмислено потврдува и е согласен дека Организаторот и Изведувачот на конкурсот не се одговорни и не можат да носат одговорност за било какво навредливо, несоодветно или пак противзаконско однесување на другите учесници или пак на трети лица и дека ризикот од штетата што би можела да настане како последица на горенаведеното во потполност ја презема учесникот. По никаков основ Организаторот на овој конкурс како и било кое друго физичко или правно лице кое било вклучено во создавањето, дистрибуирањето и/или функционирањето на конкурсот, нема да бидат одговорни за било каква штета која би можела да настане како последица на користењето или пак неможноста за учество на конкурсот. Организаторот на конкурсот не сноси одговорност за било каква грешка, погрешна информација или за било кои други недостатоци во врска со информациите поврзани со овој конкурсот, како и за било какво доцнење или пак прекин во преносот на информациите до учесникот, за какво било побарување или загуба што настанале од тоа. Организаторот на конкурсот има целосно право да врши надзор над начинот на кој учесниците постапуваат и објавуваат материјали, со цел да се обезбеди усогласеност со и почитување на овие општи услови и правила за учество, како и усогласеност со позитивната законска регулатива.

Организаторот не презема никаква одговорност за:

- (не)функционирањето на социјалните мрежи Фејсбук, Инстаграм и Тик Ток,
- сите други активности на социјалните мрежи Фејсбук, Инстаграм и Тик Ток,
- какви било последици што учесникот би ги претрпел поради учеството во конкурсот

12. Заштита на лични податоци

Со учество во конкурсот, учесниците се согласуваат дека организаторот може, без надоместок, јавно да го објави името на профилот на учесникот на Фејсбук, Инстаграм и Тик Ток и неговата Инстаграм-сторија и објава на социјалната мрежа Инстаграм со цел јавно објавување на резултатите од конкурсот.

Учесникот има право да бара информации за неговите лични податоци обработени од организаторот и изведувачот во кое било време и има право да побара прекинување на нивната обработка во случај кога организаторот и/или изведувачот ги обработува податоците од сопствен легитимен интерес, особено ако организаторот користи лични податоци за директен маркетинг.

Сите лични податоци ќе бидат заштитени со соодветни организациски и технички мерки и со нив ќе се постапува законски и правично во согласност со важечките прописи од обласа на заштитата на личните податоци.

Учесникот е информиран и се согласува со тоа организаторот да спроведува одредени активности поврзани со обработката на неговите лични податоци преку обработувач во ЕУ и/или надвор од ЕУ (физичко или правно лице кое обработува лични податоци во името на контролорот на базата на податоци). Во тој случај, организаторот законски ќе ги пренесе податоците и ќе избере обработувач на податоци кој ги исполнува пропишаните безбедносни стандарди кои гарантираат високо ниво на заштита на личните податоци.

Учесникот е свесен и експлицитно се согласува дека организаторот може да довери индивидуална задача поврзана со обработката на стекнатите лични податоци на договорниот обработувач на податоци, имено на изведувачот за таа намена.  Обработувачот на договорни податоци може да обработува лични податоци само во рамките на овластувањата или по нарачка од организаторот, во согласност со важечкото законодавство и со утврдената намена.

Личните податоци се користат и чуваат сѐ додека учесникот не ги повлече, во согласност со овие правила, освен ако со закон не е предвидено поинаку.

13. Други одредби

Во случај на предвремено прекинување на конкурсот од други причини (виша сила, итн.), организаторот го задржува правото да одбере најдобар видео запис од оние кои учествувале во конкурсот до моментот на прекинувањето или да го заврши односно прекине конкурсот без какви било обврски кон учесниците. За тоа мора преку своите профили на социјалните мрежи да ги извести учесниците. Во наведените случаи, организаторот не одговара за можната настаната штета.

Одлуката на организаторот за сите прашања во врска со конкурсот и со правилата, поврзани со неа е конечна и важи за сите учесници. Во случај на каков било спор или недоразбирање, овие правила имаат предност над какви било други објавувања, без оглед дали се во печатена, електронска или каква било друга форма. Автентичното толкување на овие правила го дава исклучиво организаторот. Организаторот на конкурсот го задржува правото за промена на овие правила и услови за учество во конкурсот, ако е тоа потребно од правни, технички или комерцијални причини. Тој ќе ги извести учесниците за сите можни промени со објавување на своите профили на социјалните мрежи.

Во Скопје, 20.05.2024 година